| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Воздухот-живот значи |
| **Содржина на денот** | Без воздух нема живот |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема –Како се пренесуваат вирусите и зошто треба да носиме маски. |
| **Активности** | За оваа активност за Вашето дете одберете да го запознаете со воздухот како основен услов за живот на планетата Земја и целиот жив свет. Разговарајте за својствата на воздухот(боја,мирис,вкус) и експериментирајте. Објаснете му на детето со што дишеме, зошто воздухот ни е потребен и што може да се случи доколку нема воздух. Изведете заеднички повеќе експерименти-дувајте балони и потоа пуштете ги да се издишат и разговарајте што има во балонот, зошто се надувал и зошто се издишал. Правете балони од сапуница, обидете се да направите повеќе и да ги пукнете со детето за да дојдете до заклучок- со помош на што се прават балоните. Дувајте со цефки мали парчиња хартии и натпреварувајте се кој ќе ги дувне хартиите подалеку и побрзо до означена цел и објаснете дека воздухот што го дувате низ цефките ви помогна побрзо да стигнете до целта. За задача заеднички може да изработите Гасеница од балончиња. Потребни материјали пластично шише –исечете отвор на дното, чорапа која ќе ја навлечете на отворот, растворен течен детергент во вода кој ќе го ставите во шишето и по можност боја. Дувајте низ тесниот отвор на шишето и од него ќе излезе прекрасна Гасеница од балончиња. Заеднички ќе уживате во играта, а воедно Вашето дете ќе има можност да експериментира, истражува и донесува заклучоци. |